



**Јосиф Михајловиќ – Јурукоски /1887 – 1941 /**

Јосиф Михајловиќ е роден во селото Тресонче (28 мај 1887 год.) од татко Михајло( Мијалче) и мајка Христина. во семејство на ѕидари и зографи. Бил од родот Јуруковци. Малиот Јосиф се описменил во манастирот "Свети Јован Бигорски", а поради работата на татко си во реонот на Скопска Црна Гора, целата фамилија на Јосиф, кога тој имал само шест години, се преселила во скопското село Кучевиште. Живеел во бурно време на војни. Учествувал во балканските војни (1912, 1913), а потоа и во првата светска војна (1918 год.).

Дипломирал на архитектонскиот отсек при Високата техничка школа во Белград 1910 год. Прва работна задача во 1911 година му било вклучувањето во тимот што ја проектирал зградата на Академијата на науките и уметностите на Србија и на градската палата на градот Белград. Потоа патот го однел во Америка, каде останал до крајот на војната. На американскиот континент се стекнал со титулата инженер-архитект и сосема длабоко навлегол во американските политички концепти. По враќањето од Америка заминал на доспецијализација на Универзитетот во Сорбона (Франција), на

Институтот за урбанизам, а заминал на уште повисоко специјализирање и во Лондон.





Се појавува како соосновател на белградската фирма „ФЕНИКС”,  и бил вклучен во изградбата на железничките пруги Ужице-Сараево и Велес-Прилеп. Во 1929 година, бил назначен за градоначалник на Скопје (претседател на скопската општина), каде останал на должност до 1936 година. По мал прекин повторно ја зел истата функција на која останал до крајот на својот живот.



За време на својот, речиси, 10 годишен мандат својата активност ја насочил кон модернизација на Скопје и неговото комунално уредување. На почетокот на  1929 година го направил Генералниот регулационен план на Скопје според идејниот план на Димитрије Т. Леко од 1914 година и извршил геодетски премер на градот.


ВАРДАР



[illegible]



[illegible]




1939 год.-Јавната берза на трудот на бул. „Кочо Рацин”



http://marh.mk/